Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 80, 15 мај 2012 година

мај 2012 година
Штип

## С О Д Р Ж И Н А

**РЕФЕРАТ** за избор на еден соработник во звање асистент за научната област применета кинезиологија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 3

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент за научното поле/област клиничка медицина на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 7

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент за научното подрачје фармација на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 15

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент за научната област молекуларна биологија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 20

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за учебно помагало/скрипта „Џез гитара – техника 1“ од доцент Антонијо Китановски, Факултет за музичка уметност, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 24

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Техничка механика и (статика)“ од доцент д-р Симеон Симеонов, Машински факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 26

**РЕЦЕНЗИЈА** на „Практикум по предметот мотори со внатрешно согорување“ од доц. д-р Златко В. Соврески и помл. асис. Владимир Тевдов, Машински факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 27

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски/специјалистички труд одобрени од наставно-научниот совет на единицата ..... 29

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН СОРАБОТНИК ВО ЗВАЊЕ АСИСТЕНТ ЗА НАУЧНАТА ОБЛАСТ ПРИМЕНЕТА КИНЕЗИОЛОГИЈА НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" – ШТИП**

Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип, на својата 63. седница одржана на 29 декември 2011 година донесе Одлука бр. 2502-145/10 за распишување Конкурс за ***асистент*** (еден извршител) за научна област ***применета кинезиологија*** на Факултетот за медицински науки. На 8 март 2012 година, на својата 66. седница, Наставно-научниот совет донесе Одлука број 2502-112/14 и Решение број 2502-112/23 за претседател, 2502-112/24 за член и 2502-112/25 за член, за формирање на Рецензентска комисија за избор на еден соработник асистент за научната област *применета кинезиологија* на Факултетот за медицински науки во состав:

– м-р Ленче Николовска – виш предавач (претседател);
– д-р Иван Топузов – редовен професор (член);
– д-р Лејла Крајџикова – доцент (член).

Рецензентската комисија по разгледувањето на приложените материјали и преземените активности, согласно со Законот за високото образование и актите на Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип, на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки им го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

На распишаниот Конкурс во весникот „Дневник", објавен на 15 февруари 2012 година, за избор на еден соработник во звање асистент за научна област *применета кинезиологија* на Факултетот за медицински науки се пријавија шест кандидати и тоа: м-р Тоше Крстев, м-р Снежана Лазаревска, м-р Дејан Крстевски, м-р Маја Петкова, Александар Симонов и Розета Стефановска.

Врз основа на Законот за високото образование и Статутот на Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип, Рецензентската комисија ги разгледа пристигнатите документи и констатира:

Кандидатите навремено ја доставија својата пријава во предвидениот рок утврден во Конкурсот.

Пријавата на кандидатот м-р Тоше Крстев, Комисијата детално ја проучи и ја утврди следнава состојба:

***Биографски податоци***

Кандидатот **м-р Тоше Крстев** е роден на 12 јуни 1982 година во Кочани, Р. Македонија. Средно образование завршува во ДСУ „Љупчо Сантов" во Кочани - општа насока, со одличен успех. Во 2001 година се запишува на Педагошкиот факултет при Југозападниот универзитет „Неофит Рилски" – Благоевград, Р. Бугарија, на насока Кинезитерапија. Дипломира на 5 јули 2005 година, со просечен успех 8,53 и се стекнува со називот дипломиран кинезитерапевт. Во 2010 година се запишува на постдипломски студии на Факултетот за општествено здравје и спорт при Југозападниот универзитет „Неофит Рилски" – Благоевград, Р. Бугарија, во научна област применета кинезиологија. Во 2011 година успешно ги завршува студиите со просечен успех од 9,47. Кандидатот има приложено потврди и уверенија за познавање на англиски и германски јазик и компјутерски вештини, како и сертификати за учество на конференции, семинари и работилници.

Во текот на 2007 година е избран за помлад асистент на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, на Високата здравствена школа.

Пријавата на кандидатката м-р Снежана Лазаревска, Комисијата детално ја проучи и ја утврди следнава состојба:

***Биографски податоци***

Кандидатката **м-р Снежана Лазаревска** е родена на 30 мај 1968 година во Куманово. Средното образование го завршува во 1986 година во Лесковац. Во 1992 година завршува на Вишото медицинско училиште во Белград, со што се стекнува со професионална квалификација виш физиотерапевт. Во 2005 година дипломира на Медицинскиот факултет во Приштина и се здобива со професионална квалификација дипломиран физиотерапевт. Своето образование го продолжува на Медицинскиот факултет во Скопје, каде што во 2010 година се стекнува со звање магистер на науки по јавно здравство со просечен успех од 9,94. Кандидатката покрај англискиот го познава и францускиот јазик (за кој не приложува соодветна потврда). Кандидатката поседува и компјутерски вештини (за кои нема приложено соодветна потврда). Кандидатката поседува сертификати за учество на семинари, конференции и работилници. Кандидатката има повеќегодишен работен стаж во повеќе работни организации (за што нема приложено соодветни потврди или уверенија). Кандидатката нема доставено примерок од магистерскиот труд и нема доставено изјава – образец 1 од Комисијата за верификација на факти. Кандидатката нема работно искуство во високото образовани и, исто така, научната област во која кандидатката има магистрирано е различна од онаа за која се врши изборот. Според тоа, Комисијата констатира дека кандидатката не ги исполнува условите согласно со Законот за високото образование за избор во соработничко звање според објавениот Конкурс.

Пријавата на кандидатот м-р Дејан Крстевски, Комисијата детално ја проучи и ја утврди следнава состојба:

***Биографски податоци***

Кандидатот **м-р Дејан Крстевски** е роден на 7 мај 1979 година во Куманово, каде што завршува средно образование. По завршувањето на средното образование во 2000 год. се запишува на додипломските студии на Националната спортска академија „Васил Левски“ – Софија, Р. Бугарија, каде што дипломира во 2005 година (за што не се приложени заверени преводи од дипломата и уверението за положени испити). По дипломирањето се запишува на постдипломските студии на Националната спортска академија „Васил Левски“ – Софија, Р. Бугарија, каде што се стекнува со професионална квалификација магистер по кинезитерапија во ортопедија и трауматологија со просечен успех од 8,44 (за истата кандидатот нема приложено заверени преводи на дипломата и уверението за положени испити како и еден примерок од магистерскиот труд). Кандидатот има приложено сертификати за учество на семинари, конференции, работилници и курсови. Кандидатот се служи со англискиот, бугарскиот и словенечкиот јазик (за кој нема приложено соодветна потврда или уверение). Од 2007 до 2008 година, кадидатот е вработен со договор на дело, а од 2008 година со договор на неопределено време во ЈЗУ Општа болница „Куманово“ – Куманово, но нема работно искуство во високото образование. Комисијата констатира дека кандидатот м-р Дејан Крстевски не ги исполнува во целост условите согласно со Законот за високото образование за избор во соработничко звање, според објавениот Конкурс.

Пријавата на кандидатката м-р Маја Петкова, Комисијата детално ја проучи и ја утврди следнава состојба:

***Биографски податоци***

Кандидатката **м-р Маја Петкова** е родена на 28 февруари 1987 година во Битола, каде што завршува средно образование во ДСУ „Таки Даскало“ - Битола. Потоа се запишува на Педагошкиот факултет при Југозападниот универзитет „Неофит Рилски“ – Благоевград, Р. Бугарија, каде што во 2009 година дипломира на насоката Кинезитерапија и се стекнува со стручен назив дипломиран кинезитерапевт (за што нема доставено преведени и заверени диплома, уверение и еквиваленција на оценките). По дипломирањето се запишува на постдипломски студии на Националната спортска академија „Васил Левски“ – Софија, Р. Бугарија. Во 2010 се стекнува со професионална квалификација магистер по кинезитерапија (за што нема приложено преведени и заверени диплома, уверение за положени испити и

еквиваленција на оценките). Кандидатката има приложено сертификати од квалификациски курсови. Покрај англискиот јазик се служи и со бугарскиот и германскиот јазик (за што нема приложено соодетна потврда или уверение), поседува компјутерски вештини (за кои исто така нема приложено соодветна потврда или уверение). Кандидатката има работен ангажман од 20 ноември 2010 до 31 јуни 2011 година во Клиничка болница „Д-р Трифун Пановски“ Билјана Конзуловска – Битола (за што нема доставено потврда), но нема работно искуство во високото образование. Комисијата констатира дека кандидатката м-р Маја Петкова не ги исполнува во целост условите согласно со Законот за високото образование за избор во соработничко звање, според објавениот Конкурс.

Пријавата на кандидатот Александар Симонов, Комисијата детално ја проучи и ја утврди следнава состојба:

***Биографски податоци***

Кандидатот **Александар Симонов** е роден на 1 ноември 1979 година во Штип. По завршувањето на средното образование се запишува на додипломските студии на Универзитетот „Ангел К`нчев“ – Русе, Р.Бугарија, каде што во 2006 година дипломира и се стекнува со називот дипломиран кинезитерапевт. Кандидатот нема доставено диплома и заверени превод од диплома, уверение за положени испити и еквиваленција на оценките, исто така нема приложено уверение за државјанство, а одлуката за признавање на виосокообразовна квалификација стекната во странство од МОН не е заверена на нотар. Комисијата констатира дека кандидатот Александар Симонов не ги исполнува условите согласно со Законот за високото образование за избор во соработничко звање, според објавениот Конкурс.

Пријавата на кандидатката Розета Стефановска, Комисијата детално ја проучи и ја утврди следнава состојба:

***Биографски податоци***

Кандидатката **Розета Стефановска** е родена на 2 август 1984 година во Штип. По завршувањето на средното образование се запишува на додипломските студии на Југозападниот универзитет „Неофит Рилски“ – Благоевград, Р Бугарија, каде што во 2007 година дипломира и се стекнува со професионална квалификација дипломиран кинезитерапевт. Кандидатката нема доставено диплома и заверени превод од диплома, уверение за положени испити и еквиваленција на оценките, исто така нема приложено уверение за државјанство и диплома за завршен втор циклус на студии. Комисијата констатира дека кандидатката Розета Стефановска не ги исполнува условите согласно со Законот за високото образование за избор во соработничко звање, според објавениот Конкурс.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Согласно со одредбите од Законот за високото образование на Република Македонија и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, кандидатите м-р Снежана Лазаревска, м-р Дејан Крстевски, м-р Маја Петкова, Александар Симонов и Розета Стефановска не ги исполнуваат критериумите за избор на соработник во звање асистент од областа применета кинезиологија на Факултетот за медицински науки. Имајќи ја предвид досегашната активност, совесното и одговорното работење и напорите за унапредување на наставно-образовниот процес на Универзитетот, Рецензентската комисија со особена чест и задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип да го избере м-р Тоше Крстев во звање асистент за научна област применета кинезиологија.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**М-р Ленче Николовска, виш предавач, с.р.**
**Д-р Иван Топузов, редовен професор, с.р.**
**Д-р Лејла Крајџикова, доцент, с.р.**

**П Р И Л О Г**

**Табела за вреднување на активностите на м-р Тоше Крстев, според критериумите дадени со Правилникот за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип**

| **Вид на активност** | **Број** | **Поени** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|
| **Наставно-образовна дејност (НО)** | | | |
| Вежби (неделен просечен фонд на часови во двата семестра во изборниот период - 2010/2011, 2011/2012) | 16+16 | 0.5 | 16 |
| Воведување нов програмски јазик или програмска поддршка во наставата | 1 | 2 | 2 |
| **Научноистражувачка дејност (НИ) и стручно-уметнички активности (СУ)** | | | |
| Одбранета магистерска работа | 1 | 4 | 4 |
| Труд објавен во зборник од трудови на стручен собир:<br>Т. Крстев, Л. Николовска, Т. Страторска, Д. Василева (2011): Кинезитерапија при хроничен болков синдром в лумбо-сакралната област. Кръгла маса: Оптимизация на съчетаването на съвременни мануални техники при третирането на мускулно-скелетни дисфункции. ISBN-978-954-718-323-0<br>Т. Страторска, Л. Николовска, Т. Крстев, Д. Василева (2011): Медицинска рехабилитация и ерготерапия при пациенти с цервикоартроза. Кръгла маса: Оптимизация на съчетаването на съвременни мануални техники при третирането на мускулно-скелетни дисфункции. ISBN-978-954-718-323-0<br>Д. Василева, С. Павлова, Л. Николовска, Т. Крстев, Т. Страторска (2011): Приложение на манипулативен масаж, ставно – мобилизационни и мускулно – инхибиторни техники след руптура на ахилесовото сухожилие. Кръгла маса: Оптимизация на съчетаването на съвременни мануални техники при третирането на мускулно - скелетни дисфункции. ISBN-978-954-718-323-0<br>Л. Крајџикова, Л. Николовска, Т. Крстев, Д. Спасов (2011): Кинезитерапия при хроничен болков синдром в лумбосакралната. Неврорехабилитация. ISSN 1312-2105 | 4 | 2 | 8 |
| **Стручно-апликативна и организациско-развојна (СА+ОР)** | | | |
| Учесник во научен проект | 2 | 2 | 4 |
| Член на факултетски орган, комисија | 3 | 2 | 6 |
| **ВКУПНО ПОЕНИ** | | | **40** |